РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-11/
31 .12.2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11 и 123/12) постапувајќи по барањето на Друштвото за трговија и услуги ВЕУС ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДОО Велес УП I бр.25-11/1 од 25.12.2012 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува Друштвото за трговија и услуги ВЕУС ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДОО Велес, за вршење на стручни и технички работи во постапка на единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R и одобрување на преправено возило од категориите L, M, N, O, T и R, за инспекциското место - ЗВ СТП Велес, ул.АСНОМ 13.

2. РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА бр.25-5859/5 од 03.08.2012 година, се заменува со ова решение.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

Друштвото за трговија и услуги ВЕУС ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ извоз-увоз ДОО Велес, до Министерството за економија поднесе барање УП Iбр.25-11/1 од 25.12.2012 година со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работите за **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R**, согласно член 2 став (1) и (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12 и 153/12) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10 и 95/12 ) и **одобрување на преправено возило од категориите L, M, N, O, T и R**, согласно член 6 став (1) точка 1, 4 и 10 и член 7 став (1) точка 1 (ТНГ), 3 и 13 од Правилникот за преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциското место - ЗВ СТП Велес, ул.АСНОМ 13.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за техничка служба од органот за одобрување – Бирото за метрологија бр.1509-19665/2 од 21.12.2012 година;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-059 од 05.12.2012 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за упис на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија - Велес со деловоден бр.30620100002312 од 22.07.2010;

- Копии од обрасците М1/М2 за: дипл. маш. инж. Панов Тони, насока машински конструкции, механизациони машини и возила, дипл. маш. инж. Владо Мурџев, насока механизациони машини и возила, дипл. маш. инж Стаменовски Зоран, машински техничар Оцедов Слободанчо и контролор за техн. преглед на возила Наќе Георгиевски;
- Доказ за склучен договор за осигурување полиса бр.4000020000028 од 01.05.2012 година;
- Договори за деловен простор и опрема заверен на нотар бр.УЗП 4645/12 од 10.12.2012 година, за инспекциското место - ЗВ СТП Велес, ул.АСНОМ 13.; и
- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр.0909-09/164/1 од 06.12.2012 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија - Велес.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и Правилникот за преправени и поправени возила, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.
Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се покрене управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

***МИНИСТЕР,***
***Валон Сараќини***

Изработил: Јане Шапардановски
Контролирал: Нериман Џеладини
Одобрил: Анче Трифунов